# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 37 став (2) и член 102 став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 22.01.2024 година, донесе

## ТАРИФНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ И УВИД НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ГЕОДЕТСКО-КАТАСТАРСКИОТ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ, КАКО И ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА КАРТОГРАФСКИ ПРОИЗВОДИ И ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА КАРТОГРАФСКИОТ ПРОИЗВОД

Член 1

Во Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.241/22), во членот 2, во табелата, редниот број 1 се менува и гласи:

„

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Кординати (X, Y)/ надморска височина (Z)/ опис на положбата за геодетска точка (тригонометриска, полигонска, линиска, нивелманска, гравиметриска) | / | 1 точка/ 1 репер | *250 комплет (x,y,z) и опис на геодетска точка/ репер- на хартија или електронски |

“

Редниот број 9 се менува и гласи:

„

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | MAKPOS DGNSS | / | 1 година | 9.000 |

“

Член 2

Во членот 3, во табелата, редниот број 3 се менува и гласи:

„

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Фотокопија од работен катастарски план или геореференциран работен катастарски план во сите размери | / | по план цел/дел | 300 |

“

Во членот 3, во табелата, редните броеви 4 и 5 се бришат.

Член 3

Во членот 5, во табелата редниот број 1 се менува и гласи:

"

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Извод од:<br>катастарски план/катастарски план со координати на дециметарска мрежа/катастарски план со координати на детални точки | 250 | КП | 195 |

"

Во редниот број 6, во колоната Единица мерка, во точка 4 зборовите „еден носител за една недвижност" се заменуваат со зборовите „по една недвижност", а во колоната Надоместок по единица мерка (во денари), во точка 4 зборовите „еден носител за една недвижност" се заменуваат со зборовите „по една недвижност".

Редниот број 18 се брише.

Член 4

Во членот 8 во воведната реченица зборовите „графички податоци за административни граници од Регистарот за просторни единици, како и за користење на" се бришат.

Табелата се заменува со нова табела, која гласи:

"

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Извод од Графички регистар за улици и куќни броеви за улица и/ или куќен број | / | по улица/ куќен број | 350 |
| 2. | Преклоп на податоци од Графичкиот регистар за улици и куќни броеви со податоци од катастар на недвижности за улици и/ или куќен број | / | по улица/ куќен број | 350 |
| 3. | Векторски податоци од Графичкиот регистар за улици и куќни броеви (графика и атрибутен дел во SHP формат) на:<br>- Улици и куќни броеви во населено место | 250 | по улица/ куќен број | 20 за улица + 3 за куќен број, доколку се бараат повеќе податоци, надоместокот се намалува за:<br>• 10% за податоци од 50 до 100 улици<br>• 20% за податоци од 101 до 200 улици<br>• 30% за податоци над 200 улици<br><br>Односно :<br>• 15% за податоци од 1000 до 5000 куќни броеви<br>• 20% за податоци од 5001 до 10000 куќни броеви<br>• 30% за податоци од 10001 до 20000 куќни броеви<br>• 50% за податоци над 20000 куќни броеви |

"

Член 5

Во членот 10, реден број 2 во табелата, во колоната Единица мерка, во точка 4 зборовите „еден носител за една недвижност” се заменуваат со зборовите „по една недвижност”, а во колоната Надоместок по единица мерка (во денари), во точка 4 зборовите „еден носител за една недвижност” се заменуваат со зборовите „по една недвижност”.

Редниот број 3 се менува и гласи:

"

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Извод од: катастарски план/катастарски план со координати на дециметарска мрежа/катастарски план со координати на детални точки | 250 | КП | 195 по извод (155 за АКН + 40 за органот) |

"

Член 6

Во членот 11, во табелата, редниот број 4 се брише.

Член 7

Членот 12 се менува и гласи:

„За користење на следните податоци (open data - отворени податоци) во електронска форма, не се наплаќа надоместок:

- Податоци за заштита на животната средина (растерска/векторска форма);
- Аерофотографија на електронски медиум за сите размери;
- Дигитален модел на теренот со 20м грид од снимањето од 2004 година;
- Ортофото карта, геореференцирана во растерска форма (црно/бела) од снимањето од 2004 година;
- Ортофото планови во боја во Р=1:1000/1:2500 од 1999, 2000, 2003, 2006 година;
- Планови во размер 1:1000 за град Скопје, изработени по земјотресот;
- Геореференциран архивски оригинал од катастарски план во Р=1:500, 1:1000, 1:2500, 1:5000 и 1:10000 во растерска форма (цел/дел);
- Геореференцирана вертикална претстава на катастарскиот план, во Р=1:500, Р=1:1000, Р=1:2500, Р=1:5000 во растерска форма;
- Извадок на податоци од катастар на земјиште (податоци од поседовен лист);
- Растерски формат на граници (за цела територија на Република Северна Македонија) на: државна граница (генерализирана/негерализирана)/ комплет единици на локална самоуправа/комплет катастарски општини/ комплет населени места;
- Растерски формат на граници на: единици на локална самоуправа/ катастарски општини/населени места;
- Векторски формат на државна граница за цела територија на Република Северна Македонија (негенерализирана/генерализирана);
- Векторски формат на граници за комплет единици на локална самоуправа за цела територија на Република Северна Македонија (негенерализирана/ генерализирана);
- Векторски формат на граници за комплет катастарски општини за цела територија на Република Северна Македонија (негенерализирана/ генерализирана);
- Векторски формат на граници за комплет населени места за цела територија на Република Северна Македонија (негенерализирана/ генерализирана);
- Векторски формат на граници (генерализирани/негерализирани) на: единици на локална самоуправа/катастарски општини/населени места;
- Извод од список на просторни единици и

- Глобална карта (GLOBALMAP) во размер 1: 1000000 со сите слоеви.

Член 8

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 0101-1374/1
23 јануари 2024 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Роберт Бешовски,** с.р.